22769

Н. Македонија, 24.III.76г. **ИЗЛОЖБИ**

# ВОЗБУДЛИВИ СВЕДОШТВА ЗА ЕДНА ЕПОПЕЈА

## КОН ИЗЛОЖБАТА „ЈУГОСЛОВЕНСКАТА УМЕТНОСТ ВО НОБ“ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

● **ГРАНДИОЗНАТА ПОСТАНОВКА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА УМЕТНОСТ** во народно-ослободителната војна, 1941—1945 година, организирана во чест на големиот јубилеј, триесет години од победата над фашизмот и ослободувањето на нашата земја, со нејзиното пренесување во повеќе центри во земјава, ја исполнува својата благородна мисија преку презентирањето пред пошироката јавност на автентичните документи од херојската епопеја на нашите народи и народности, во време кога стремежите и емоциите биле насочени кон единствената цел — ослободување од непријателот.

Покрај големото дидактичко и идејно значење на изложбата, таа со сигурност може да се третира и како неразделен период од континуитетот на ликовното творештво кај нас, формирано во извонредни, специфични услови. Таа ги бележи равојните проблеми и стилски етапи на секој уметник одделно, како и поширокото движење во ликовната уметност во тој период. Некои од нив (еден дел прерано го завршуваат животот и творењето) веќе имаат извесно ликовно искуство кога стапуваат во партизанските редови (главно на социјалната уметност) при што се регистрираат и повеќе ликовни групи со изградени ставови програми, во тој револуционерен период на сурова борба и многу искушенија, или паѓаат во заробеништво, притоа доградувајќи го својот ликовен израз. Во тие четири години борба, кај многу уметници може да се констатираат нивните особености, во бојата, цртежот пред сè, графиката и слично. Повеќето од нив и по војната ги задржале своите тематско-стилски карактеристики. Создавани во неповолни услови, не секогаш постоела можност тие да се зачуваат до денес. Со поисистематска обработка на постојните, зачувани дела, би извршиле извесна дополна и корекции и во нивното хронолошко средување и вреднување. И покрај „Импровизацијата“ на уметниците во непосредниот контакт со мотивот, евидентни се високите достреги во ликовно-естетската обработка, освен впечатливата идејност на на овие дела што, всушност, е еден од главните критериуми во концепцијата на оваа солидно и сеопфатно организирана изложба, мошне значајна за проучувањето на оваа уметност, и покрај некои неизложени дела, пред сè од пропаганден карактер, со што би се добила поцелосна претстава за создавањето во овој период. Контактот со творбите е директен, исполнет со емоција и јасна идејност. Токму поради мошне скромните изразни средства се доаѓа до извонредната автентичност и непосредност на доживувањето. Тргнуваат тие пожолтени, подгорени или извиткани, поткинати листови кои бележат интимно почувствуван момент, како вечен доказ за нескршливиот творечки импулс на човекот, кој во било какви услови и да е, го пронаоѓа патот до општочовечкото, универзалното. Таа смисла за обликување на одредена ситуација и положба ги бележела оние трагични мигови на себепотврдување и себеизнаоѓање во достоинството на уметничкиот цртеж, скица или пак слика, кои ќе ја носат во себе вечната порака на човековиот стремеж за слобода и творечко изразување. Создадени во сите наши краишта, овие творби се доказ за единственоста на сите наши народи и народности. Во тие бурни денови, ликовните уметници биле директно вклучени во агитирањето и пропагирањето на напредните идеи, преку плакатите, разните летоци, прогласи и илустрации во весници и брошури, печатени и растурани среде народот. Со тоа не е исцрпен списокот на дејностите и активноста на ликовните уметници. Доволно е да се посочи фактот дека во такви услови се создадени фрески, биле формирани „сликарски школи“ и партизански ателјеа, потоа застапеноста на, речиси, сите ликовни техники, па да се има поцелосна претстава за големата улога на лиовните уметници во борбата против непријателот и во изградувањето нови општествени односи, социјално-политичката свест и морално подигнување. Како искрена и спонтана определба на уметникот; во нив се имплицира еден од најважните императивен на нашето општество а тоа е слободата на изразот индивидуално определување и творење без ограничувања, создавање целосно и слободно афирмирана личност, каква што му е потребна на секое вистински напредно општество.

**ПРЕД НАС Е ШИРОКА ПАНОРАМА** на измачени, испиени ликови на борци, затвореници, робијаши, раненици, партизански походи и јуриши, изгорени села, тифусари, патилата на еден херојски народ, како и настани од историска важност. Секој се изразил на начин кој најмногу одговарал на сопствениот внатрешен импулс, сообразно со ситуацијата во која се наоѓа, во движење, краток одмор и слично. Непосредно почувствуваниот настан, од историски важниот до наједноставните белешки, се претвора во своевидна ликовна креација, симболична на места, дури фантастична, карикатурална, а најмногу доследна на реалниот мотив и директна, согласно темпераментот, наклонетоста и искуствата на уметникот.

**ПОВЕЌЕ УМЕТНИЦИ** се поистоветија со револуцијата, станаа нејзин симбол. Така ќе спомнеме само неколку имиња од многуте уметници, учесници на оваа изложба, кои не се помалку интересни, укажувајќи на фактот дека македонските уметници, достојно застапени, ја заокружуваат тематската целина на оваа изложба. Тоа се: Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун, Душан Влајиќ, Пиво Караматиевиќ, Бора Барух, Стеван Боднаров, Милош Бациќ, Николај Прнат, Божидар Јакац, Франце Михелич, Вања Радауш, Антун Аугустинчиќ, Петар Лубарда, Бранко Шотра, Исмет Мујезиновиќ, Толе Ивановски, Василије Поповиќ-Цицо, Борко Лазески, Антон Лукатели, Владо Кристл и многу други имиња, кои создале антологиски дела со воена тематика воопшто во целокупната југословенска уметност.

**Владимир Величковски**